МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# Предлог-закон за изменување
# на Законот за давање на финансиски услуги на далечина

Скопје, __.__ 2013 година

# ВОВЕД

I. Оцена на состојбите во областа што треба да се уреди со законот и причини за донесување на законот

Со новиот Закон за прекршоци е пропишано дека надлежен суд може да изрекува прекршочна санкција забрана за вршење на дејност на правни лица во траење од најмалку три месеци до три години. Бидејќи во претходниот Закон за прекршоци времетраењето на оваа санкција беше од шест месеци до пет години и е соодветно имплементирана во Законот за давање на финансиски услуги на далечина, потребно е да се изврши усогласување.

II. Цели, начела и основни решенија

Донесувањето на Законот за изменување на Законот за давање на финансиски услуги на далечина е со цел усогласување на постојниот закон со новиот закон за прекршоци.

Предлогот на законот за изменување на Законот за давање на финансиски услуги на далечина се заснова врз истите начела врз кои се заснова и постојниот закон.

Основни решенија на предлог законот се:

- менување на траењето на прекршочната санкција забрана за вршење на дејност од три месеци до три години, наместо досегашното траење на забраната кое не можеше да биде пократко од шест месеци ниту подолго од пет години.

III. Оцена на финансиските последици од предлогот на закон врз буџетот и другите јавни финансиски средства

Предлогот на закон за изменување на Законот за давање на финансиски услуги на далечина нема да предизвика финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

IV. Процена на финансиските средства потребни за спроведување на законот, начин на нивно обезбедување, податоци за тоа дали спроведувањето на законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти

Спроведувањето на законот не повлекува обезбедување на финансиски средства, ниту повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

V. Усогласеност на предлогот на закон со правото на европската унија /

VI. Потреба од донесување на подзаконски акти врз основа на овој закон /

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ НА ДАЛЕЧИНА

Член 1

Во Законот за давање на финансиски услуги на далечина („Службен весник на Република Македонија” бр.158/10) во членот 19 став 2 точката на крајот на првата реченица се заменува со запирка, а зборовите „Траењето на забраната не може да биде пократко од шест месеци ниту подолго од пет години“ се заменуваат со зборовите „ во период од три месеци до три години“.

Член 2

Постапките започнати пред надлежниот суд до денот на започнувањето на примената на овој закон ќе завршат според одредбите на Законот за давање на финансиски услуги на далечина („Службен весник на Република Македонија” бр.158/10), во рок од шест месеци од денот на отпочнување на примената на овој закон.

Санкциите изречени со правосилни одлуки до денот на отпочнувањето на примената на овој закон ќе се извршат според одредбите на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија” бр.62/06 и 51/11).

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр._ /13).

Образложение:

I. Објаснување на содржината на одредбите на предлогот на законот
Измените на Законот за давање на финансиски услуги на далечина се во насока на усогласување на постојниот закон со Законот за прекршоци.

Согласно постојниот Закон за давање на финансиски услуги на далечина, забраната за вршење на дејност е во траење од шест месеци до пет години.

Со членот 1 од предлог законот се менува траењето на забраната за вршење на дејност од три месеци до три години.
Со членот 2 од предлог законот се уредува завршувањето на постапките и изрекувањето на санкциите во постапките отпочнати пред денот на отпочнувањето на примената на овој закон.
Членот 3 го уредува отпочнувањето на примената на Предлог законот.

II. Меѓусебна поврзаност на решенијата содржани во предложените одредби

Одредбите кои се предлагаат во Предлог на законот се во меѓусебна поврзаност со одредбите од основниот закон.

III. Последици што ќе произлезат од предложените решенија

Со донесувањето на Предлогот на законот за изменување на Законот за давање на финансиски услуги на далечина се постигнува целта за усогласување со Законот за прекршоци.

Извод одредби
од Законот за давање на финансиски услуги на далечина

Член 19

(1)Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на давателот, ако:

1) не ги доставува информациите во согласност со членовите 6, 7, 8 и 10 ставови (1), (2) и (3) од овој закон;

2) постапува без да добие согласност според членовите 8 став (2), 9 став (1) и 11 од овој закон;

3) бара или прифаќа плаќање на трошоци од потрошувачот спротивно на членовите 9 став (2), 10 став (4) и 14 ставови (1) и (2) од овој закон и

4) не постапи во рокот определен во членот 14 став (3) од овој закон.

(2) Покрај глобата за дејствијата од ставот (1) на овој член на давателот ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност. Траењето на забраната не може да биде пократко од шест месеци ниту подолго од пет години.

(3) За прекршоците од ставот (1) на овој член ќе се изрече глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност и на одговорното лице кај давателот.